# Структура на вработените во аудио и аудиовизуелната медиумска индустрија во 2024 година

# Содржина

- Структура на вработените во индустријата
- Структура на вработените во Македонската радиотелевизија (МРТ)
- Структура на вработените во комерцијалните телевизии
- Структура на вработените во комерцијалните радиостаници

# Структура на вработените во индустријата

Вкупниот број на вработени во јавниот сервис и во комерцијалните радиодифузери во 2024 година изнесувал 2.061 лице. Од нив, 609 лица биле вработени во МРТ, 1.137 во комерцијалните телевизии и 315 во комерцијалните радиостаници.

| Кадар | Вкупен број | Образование | | | Статус | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ВСС | ССС | друго | редовен работен однос | хонорарно ангажирани |
| Новинари | 706 | 546 | 116 | 1 | 522 | 184 |
| Уредници | 170 | 141 | 28 | 1 | 156 | 14 |
| Управители/директори | 72 | 45 | 27 | 0 | 63 | 9 |
| Технички кадар (инжинери и техничари) | 233 | 63 | 162 | 8 | 207 | 26 |
| Реализаторски кадар (режисери, сниматели, монтажери и др.) | 595 | 153 | 411 | 3 | 512 | 83 |
| Маркетинг | 60 | 42 | 18 | 0 | 38 | 22 |
| Преостанат кадар | 225 | 91 | 133 | 1 | 135 | 90 |
| **Вкупно** | **2.061** | **1.081** | **895** | **14** | **1.633** | **428** |

Во 2024 година е забележан пад на бројот на вработени во однос на претходната година за 142 лица. Во Македонската радиотелевизија биле вработени 25 лица помалку, во комерцијалните телевизии 95* лица помалку, а во комерцијалните радија 22** лица помалку.




Во редовен работен однос во целата индустрија биле 1.633 лица, од кои најголем дел (902 лица) работеле во приватните телевизии. Со хонорарен ангажман биле 428 лица. Повеќе од половината од нив (55%) биле исто така ангажирани во комерцијалните телевизии.




Гледано според работните места на кои биле распоредени, најголемо учество во структурата на вработените во 2024 година имале новинарскиот и реализаторскиот кадар (34%, односно 29%).

Споредено со претходната година, бројот на ангажирани лица се намалил кај сите работни позиции, а најмногу кај новинарите (за 47 лица) и кај техничкиот кадар (за 45 лица).




* намалувањето во најголема мера се должи на тоа што во 2025 година престана да емитува програма ТВ Клан, поради што Агенцијата не располага со податоци за структурата на вработените во оваа ТВ во 2024 година (во која во 2023 година имаше 29 вработени во редовен работен однос и шест хонорарно ангажирани). Во 2024 година престанаа да емитуваат и ТВ Вис (осум во редовен работен однос и седум хонорарно ангажирани), ТВ 3 (четири во редовен работен однос и пет хонорарно ангажирани) и ТВ Канал 8 (две во редовен работен однос и три хонорарно ангажирани)

** во петте радиостаници што престанаа да работат во текот на 2024 и 2025 година (РА Б-97 од Битола, РА Раппи од Струга, РА Балкан ФМ од Гостивар и студентските радија на Универзитетите Гоце Делчев во Штип и Св. Кирил и Методиј во Скопје), во 2023 година беа ангажирани вкупно 23 лица

Мажите биле значително побројни од жените. Во целата индустрија биле вработени 1.248 мажи и 813 жени. Оваа разлика од 435 лица се должи во најголема мера на фактот што бројот на мажи кај реализаторскиот кадар бил за 367 лица поголем од бројот на жени.

Жените биле во поголем број од мажите кај новинарскиот кадар (за 106 лица), кај уредниците (за осум лица) и во категоријата маркетинг (за 16 лица).

| |  |  |
|---|---|---|
| Новинари | 406 | 300 |
| Уредници | 89 | 81 |
| Управители/директори | 20 | 52 |
| Технички кадар | 37 | 196 |
| Реализаторски кадар | 114 | 481 |
| Маркетинг | 38 | 22 |
| Преостанат кадар | 109 | 116 |

Од аспект на етничката припадност, во индустријата во целина, работеле 1.527 Македонци, 412 Албанци, 37 Турци, 30 Срби, 23 Роми, 22 Бошњаци, седум Власи и три лица од други националности.

1.081 лице биле со завршено високо образование*. Половината од нив (546 лица) работеле како новинари.

Средно образование имале 895 лица, од кои 46% работеле како режисери, сниматели, монтажери и друг реализаторски кадар. Само 14 лица биле со друг степен на образование.




*Агенцијата не располага со податоци за степенот на образование на хонорарно ангажираните лица во МРТ

# Структура на вработените во Македонската радиотелевизија (МРТ)

Бројот на вработени во јавниот радиодифузен сервис во 2024 година изнесувал 609 лица, од кои 538 во редовен работен однос и 71 хонорарец.

| Кадар | Вкупен број | Образование | | | Статус | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ВСС | ССС | друго | редовен работен однос | хонорарно ангажирани |
| Новинари | 243 | 161 | 39 | 0 | 200 | 43 |
| Уредници | 60 | 60 | 0 | 0 | 60 | 0 |
| Управители/директори | 3 | 3 | 0 | 0 | 3 | 0 |
| Технички кадар (инжинери и техничари) | 82 | 19 | 62 | 1 | 82 | 0 |
| Реализаторски кадар (режисери, сниматели, монтажери и др.) | 206 | 52 | 124 | 2 | 178 | 28 |
| Преостанат кадар | 15 | 5 | 10 | 0 | 15 | 0 |
| **Вкупно** | **609** | **300** | **235** | **3** | **538** | **71** |

Во Македонската телевизија работеле 469, а во Македонското радио 140 лица. Во однос на 2023 година, бројот на вработени се намалил за 25 лица, и тоа за 14 лица во МТВ и за 11 лица во МРА. Гледано по работни места, намалувањето било најголемо кај техничкиот кадар (за 15 лица).




Во редовен работен однос во МТВ биле 409, а во МРА 129 лица. Од вкупно 71 хонорарец, 60 биле ангажирани во телевизиските сервиси и 11 во радиосервисите на Македонската радиотелевизија.

Новинарскиот и реализаторскиот кадар биле најбројни, односно имало 243 новинари и 206 реализатори. Во однос на половата застапеност, 52% од жените во МРТ биле новинарки, а 21% реализаторки. Од вкупно 332 мажи, 30% работеле како новинари, а 45% како режисери, сниматели, монтажери и друг реализаторски кадар.

Уредници имало 60, управители три, техничари и инжинери 82, а 15 лица работеле на други позиции.

Во 2024 година, мажите биле за 55 побројни од жените.

| | Вкупно |  | |
|---|---|---|---|
| Новинари | 243 | 144 | 99 |
| Уредници | 60 | 40 | 20 |
| Управители/Директори | 3 | 2 | 1 |
| Технички кадар | 82 | 22 | 60 |
| Реализаторски кадар | 206 | 57 | 149 |
| Преостанат кадар | 15 | 12 | 3 |

На 31.12.2024 година, од вкупно 538 лица во редовен работен однос, 56% имале високо образование. Од нив, 54% (161 лице) биле новинари.

Со завршено средно образование биле 44% од вработените во редовен работен однос, односно вкупно 235 лица, од кои 53% работеле како реализатори на програмата на МРТ.

Сите уредници, како и управителите, биле со високо образование. Освен тоа, вработените со ВСС биле побројни од оние со ССС и кај новинарите. Кај останатите категории на работни места (технички, реализаторски и преостанат кадар) имало повеќе вработени со средно отколку со високо образование.




Во јавниот сервис биле вработени 395 Македонци, 155 Албанци, 26 Турци, 16 Срби, шест Власи, пет Роми, четири Бошњаци и две лица од други националности.

| | Новинари | Уредници | Управители | Технички кадар | Реализаторски кадар | Преостанат кадар |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Македонци | 141 | 27 | 3 | 61 | 156 | 7 |
| Албанци | 74 | 22 | 0 | 19 | 37 | 3 |
| Турци | 10 | 6 | 0 | 1 | 7 | 2 |
| Роми | 5 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Власи | 3 | 1 | 0 | 0 | 2 | 0 |
| Срби | 8 | 2 | 0 | 1 | 2 | 3 |
| Бошњаци | 2 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Останато | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 |

Најголем број од Македонците работеле како реализатори (режисери, сниматели и монтажери).

Поголем број од кадарот од албанска, турска, влашка и српска националност биле вработени како новинари, а на оваа работна позиција биле ангажирани и сите пет припадници на ромската заедница.

# Структура на вработените во комерцијалните телевизии

На 31.12.2024 година, во сите комерцијални телевизии биле вработени 1.137 лица – 902 во редовен работен однос и 235 хонорарци. 79% од вработените биле во телевизиите на државно ниво, 13% во регионалните и 8% во локалните телевизии.

| Кадар | Вкупен број | Образование | | | Статус | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ВСС | ССС | друго | редовен работен однос | хонорарно ангажирани |
| Новинари | 346 | 293 | 52 | 1 | 259 | 87 |
| Уредници | 71 | 59 | 12 | 0 | 61 | 10 |
| Управители/директори | 33 | 26 | 7 | 0 | 31 | 2 |
| Технички кадар (инжинери и техничари) | 106 | 32 | 73 | 1 | 92 | 14 |
| Реализаторски кадар (режисери, сниматели, монтажери и др.) | 360 | 95 | 265 | 0 | 314 | 46 |
| Маркетинг | 43 | 31 | 12 | 0 | 32 | 11 |
| Преостанат кадар | 178 | 62 | 116 | 0 | 113 | 65 |
| **Вкупно** | **1.137** | **598** | **537** | **2** | **902** | **235** |

Вкупниот број на вработени бил за 95 лица помал отколку во претходната година. Поточно, тој останал ист како и во 2023 година само кај локалните телевизии (92 лица), додека кај останатите се намалил, и тоа: за 12 лица кај терестријалните телевизии на државно ниво, за 54 лица кај телевизиите на државно ниво преку неограничен ресурс и за 29 лица кај регионалните телевизии.

Од аспект на работните места на коишто работеле, најбројни биле лицата вработени како режисери, сниматели, монтажери и друг реализаторски кадар (360 лица). Веднаш после нив, со само 14 лица помалку биле застапени новинарите.

Во однос на 2023 година, забележан е пад на бројот на вработени кај сите работни позиции. Најголемо намалување (за 31 лице) имало кај новинарскиот кадар.







Од вкупно 895 вработени во телевизиите на државно ниво, 759 биле во редовен работен однос, а 136 биле со хонорарен ангажан. Кај телевизиите на регионално ниво имало 95 редовно вработени и 55 хонорарно ангажирани лица, додека кај локалните телевизии во редовен работен однос биле 48 лица, а хонорарци 44 лица.

Доколку се споредат новинарскиот и реализаторскиот кадар како најбројни, бројот на новинари бил помал во однос на бројот на реализатори само кај петте терестријални телевизии на државно ниво. Во останатите сектори (сателитските и кабелските ТВ на државно ниво, регионалните ТВ и локалните ТВ) биле вработени повеќе новинари од реализатори.




Од аспект на половата структура, вработените од машки пол биле значително побројни во однос на жените – во сите телевизии заедно биле вработени 408 жени и 729 мажи. Најголем дел и од жените (55%) и од мажите (60%) работеле во Алсат-М, Алфа, Сител, Телма и Канал 5.

Бројот на жени вработени како новинарки бил поголем од бројот на мажи новинари за 36 лица. Освен кај новинарскиот кадар, жените биле незначитено побројни од мажите и во маркетинг секторот. Во останатите категории мажите биле присутни во поголем број.

| |  | |
|---|---|---|
| Новинари | 191 | 155 |
| Уредници | 32 | 39 |
| Управители/директори | 7 | 26 |
| Технички кадар | 10 | 96 |
| Реализаторски кадар | 52 | 308 |
| Маркетинг | 28 | 15 |
| Преостанат кадар | 88 | 90 |

Најголема полова нерамнотежа имало кај реализаторскиот и кај техничкиот кадар. Односно, имало 256 реализатори повеќе од реализаторки, како и 86 техничари повеќе од техничарки.

| | техничарки | техничари | реализаторки | реализатори |
|---|---|---|---|---|
| ТВ на држ. ниво терестријални | 3 | 60 | 32 | 205 |
| ТВ на држ. ниво ОЈКМ и сателит | 2 | 13 | 10 | 63 |
| ТВ на регионално ниво | 3 | 14 | 7 | 26 |
| ТВ на локално ниво | 2 | 9 | 3 | 14 |

Со високо образование биле 598 вработени. Од нив, 458 работеле во телевизиите на државно ниво, 88 во регионалните и 52 во локалните телевизии. Средно образование имале 537 лица – 437 во државните, 61 во регионалните и 39 во локалните. Друго образование имале само две лица.

Речиси половина од вработените со високо образование работеле како новинари и новинарки, а половина од оние со средно образование биле реализатори и реализаторки.




Од вкупно 1.137 вработени во комерцијалните телевизии, 853 биле Македонци, 234 Албанци, 18 Бошњаци, 15 Роми, девет Срби, шест Турци, еден Влав и едно лице од друга националност.

| | Новинари | Уредници | Управители | Технички кадар | Реализаторски кадар | Маркетинг | Преостанат кадар |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Македонци | 279 | 39 | 18 | 80 | 270 | 40 | 127 |
| Албанци | 59 | 28 | 14 | 17 | 73 | 3 | 40 |
| Турци | 0 | 0 | 0 | 1 | 3 | 0 | 2 |
| Роми | 1 | 0 | 0 | 3 | 5 | 0 | 6 |
| Власи | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| Срби | 1 | 0 | 0 | 2 | 4 | 0 | 2 |
| Бошњаци | 6 | 4 | 1 | 2 | 4 | 0 | 1 |
| Останато | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 |

Најголем дел од вработените од македонска националност биле новинари (279 лица), а најголем дел од вработените од албанска националност работеле како режисери, сниматели и монтажери (73 лица).

# Структура на вработените во комерцијалните радиостаници

Во комерцијалните радиостаници работеле 315 лица.
126 од нив биле ангажирани во локалните радиостаници, 120 во регионалните и 69 во радиостаниците на државно ниво.

| Кадар | Вкупен број | Образование | | | Статус | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ВСС | ССС | друго | редовен работен однос | хонорарно ангажирани |
| Новинари | 117 | 92 | 25 | 0 | 63 | 54 |
| Уредници | 39 | 22 | 16 | 1 | 35 | 4 |
| Управители/директори | 36 | 16 | 20 | 0 | 29 | 7 |
| Технички кадар (инжинери и техничари) | 45 | 12 | 27 | 6 | 33 | 12 |
| Реализаторски кадар (режисери, сниматели, монтажери и др.) | 29 | 6 | 22 | 1 | 20 | 9 |
| Маркетинг | 17 | 11 | 6 | 0 | 6 | 11 |
| Преостанат кадар | 32 | 24 | 7 | 1 | 7 | 25 |
| **Вкупно** | **315** | **183** | **123** | **9** | **193** | **122** |

Во редовен работен однос биле 193 лица, а 122 работеле хонорарно. Во сите три сегменти од радискиот пазар имало повеќе  вработени во редовен работен однос од хонорарно ангажирани лица, и тоа: во радијата на државно ниво 41 лице, во регионалните радија две лица и во локалните радија 28 лица повеќе.




Во споредба со 2023 година, вкупниот број на ангажирани во радијата што емитуваат на државно ниво се намалил за осум лица, во радијата на регионално ниво за едно лице и во радијата на локално ниво за 13 лица.

Најголем дел од вработените (37%) работеле како новинари. Бројот на овие лица во државните радија изнесувал 26, во регионалните 45 и во локалните 46. Од вкупно 117 новинари, во редовен работен однос биле 63.

Помеѓу другите категории на работни места нема позначајна разлика во бројот на вработени.



И кај радискиот пазар мажите биле позастапени од жените – биле вработени/ангажирани 187 мажи и 128 жени. Најголем број и од жените и од мажите биле новинарки/новинари.

Повеќе жени од мажи имало кај новинарскиот кадар (за 25 лица) и во категоријата маркетинг (за три лица).

| |  |  |
|---|---|---|
| Новинари | 71 | 46 |
| Уредници | 17 | 22 |
| Управители/директори | 11 | 25 |
| Технички кадар | 5 | 40 |
| Реализаторски кадар | 5 | 24 |
| Маркетинг | 10 | 7 |
| Преостанат кадар | 9 | 23 |

183 вработени биле со високо образование. Од нив, 33 работеле во националните, 85 во регионалните и 65 во локалните радиостаници.

Средно образование имале 123 лица, а девет биле со друг степен на образование.

Половина од вработените кои имале завршено високо образование работеле како новинари (92 лица). Средно образование имале само 25 новинари.

Освен кај новинарскиот кадар, лицата со ВСС биле побројни од лицата со ССС и кај уредниците, преостанатиот кадар и во категоријата маркетинг.



Од македонска националност биле 279 вработени, односно 89% од вкупниот број на вработени во комерцијалните радиостаници. Најголем дел од  нив биле новинари.

Само 36 лица биле од други националности, и тоа: 23 од албанска, по пет од турска и српска и три од ромска националност.

| | Новинари | Уредници | Управители | Технички кадар | Реализаторски кадар | Маркетинг | Преостанат кадар |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Македонци | 107 | 36 | 29 | 36 | 25 | 16 | 30 |
| Албанци | 9 | 2 | 5 | 4 | 2 | 1 | 0 |
| Турци | 0 | 0 | 1 | 2 | 0 | 0 | 2 |
| Роми | 0 | 0 | 0 | 2 | 1 | 0 | 0 |
| Срби | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 0 | 0 |

Структура на вработените во аудио и аудиовизуелната медиумска индустрија во 2024 година

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
Палата Панко  Брашнаров, ул. „Македонија“ бр. 38, 1000 Скопје
Тел. 02/3103-400
www.avmu.mk
contact@avmu.mk